**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3351 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Теа кидс“, и тоа:

   - изданието бр.5 на магазинот „Теа кидс“ од јуни 2016 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 јуни 2016 година.

4. **Предмет на надзорот:**

Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Теа кидс“, постапило по Решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен вонреден административен надзор. Вонредниот административен надзор над овој издавач на печатен медиум беше извршен на 05.11.2015 година и со него беше констатирано дека само делумно ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“*. Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.4 на магазинот „Теа кидс“ од октомври 2015 година, не ги објавил податоците за бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1138 од 09.11.2015 година, по спроведен вонреден административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Теа кидс“.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор на изданието бр.5 на магазинот „Теа кидс" од јуни 2016 година е констатирано дека Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје **не постапило по Решението за преземање мерка - опомена**, односно **не ги објавило податоците за бројот на печатени примероци.**

**7. Опис на прекршувањето:**

Со надзорот на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум **не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми**.

**8. Предлог мерка:**

Имајќи предвид дека во текот на 2016 година Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје не е опоменето за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14) во магазинот „Теа кидс", согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 29 став 2 од Законот за медиуми, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и согласно Упатството за оределување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***